**Известување за концентрација со која Комерцијална Банка АД Скопје стекнува целосна контрола над Стопанска Банка АД Битола**

**(предмет бр. 08-116/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 12.08.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Комерцијална Банка АД Скопје, со седиште на ул. Васил Иљоски бр. 3, Скопје стекнува целосна контрола над Стопанска Банка АД Битола, со седиште на ул. Добривое Радосављевиќ бр. 21, Битола, преку јавна понуда за преземање.

Комерцијална Банка АД Скопје има основна дејност друго монетарно посредување. Оваа дејност се состои од нудење на широк спектар на банкарски услуги на физичките и правните лица како што се прибирање на депозити, кредитирање на физичките и правните лица, вложувања во хартии од вредност, активности поврзани со платниот промет во земјата и во странство, менувачки работи, картично работење и др.

Комерцијална Банка АД Скопје има поврзано друштво Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови КБ ИНВЕСТ АД Скопје, со адреса на ул. Св Кирил и Методиј бр. 50 Скопје и предмет на работење дејности на управување на фондови.

Стопанска Банка АД Битола има основна дејност друго монетарно посредување. Оваа дејност се состои од нудење на широк спектар на банкарски услуги на физичките и правните лица како што се прибирање на депозити, кредитирање на физичките и правните лица, вложувања во хартии од вредност, активности поврзани со платниот промет во земјата и во странство, менувачки работи, картично работење и др.

Комерцијална Банка АД Скопје има намера да го преземе целното друштво преку преземање односно стекнување мнозинско учество и контрола врз целното друштво.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 6 дена од денот на објавување на ова известување.*

14.08.2024 година
Скопје